**20192383717**

## ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ

Врз основа на член 43, став (11) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19), Инспекцискиот совет, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ЛИЦЕНЦА ЗА ИНСПЕКТОР

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (во натамошниот текст: „Испит“).

Член 2

(1) Испитот се полага во два дела, општ и практичен, соодветно по завршување на интерактивната и практичната обука.Кандидатот за инспектор може да ги полага општиот и практичниот дел од испитот, најмногу два пати.

(2) Општиот дел од испитот се организира и спроведува од старана Инспекцискиот совет (во натамошниот текст „Советот“), во просторијакоја е материјално и технички опремена со соодветна информатичко-комуникациска опрема за спроведување на испитот.

(3) Општиот дел од испитот се организира и спроведува во четири сесии во јануари, април, јули и октомври, во термини (ден и час на полагањето) кои Советотги утврдува најдоцна до 30 дена пред терминот за полагање и ги објавува на веб страницата на Советот.

Член 3

(1) Од страна на Советот најдоцна до 15 дена пред одржувањето на испитот, по електронска пошта,се известува кандидатот за инспектор, кој ја завршил обуката согласно Законот за инспекциски надзор, за времето и местото на полагање.

(2) Од страна на Советот најдоцна до 15 дена пред одржувањето на испитот, по електронска пошта, се известува и кандидатот за инспектор, кој не го положил испитот во првиот обид.

(3) Доколку кандидатот за инспектор, кој е уредно поканет, а неоправдано не се појави на испитот или се откаже во текот на полагање на испитот, се смета дека не го положил истиот.

(4) За време на полагањето на општиот дел од испитот не треба:

- да се употребува било каква литература,
- да се употребуваинформатичко-комуникациска опрема, вклучувајќи мобилни телефони, преносни компјутери и слично, освен опремата и уредите кои се дел од организацијата на испитот,
- да се препишува,
- да има вербална или друга комуникација помеѓу кандидатите, и
- да се напушта просторијата во која се изведува полагањето.

(5) Кандидат за инспектор кој при полагањето на општиот дел од испитот постапува спротивно на став (4) на овој член, ќе биде отстранет од испитот и ќе се смета дека не го положил испитот.

Член 4

(1) Општиот дел од испитот се полага со одговарање на електронски тест на компјутер.

(2) Тестот од став (1) на овој член,се состои од 45случајно одбрани испитни прашања, по 15 од секој степен на сложеност, за кои се понудени по четири можни одговори, од кои само еден е точен.

(3) Испитните прашања од став (2) на овој член, имаат три степени на сложеност и се вреднуваат со различен број на бодови кој е назначен видно до прашањето, и тоа:

- ниска сложеност – 1 бод,
- средна сложеност – 2 бода, и
- висока сложеност – 3 бода.

(4) Вкупниот збир на бодови за сите испитни прашања вклучени во тестот изнесува 90.

(5) Испитот се смета за положен, доколку кандидатот за инспектор освои најмалку две третини од вкупниот збир на бодови, односно најмалку 60 бодови.

(6) Резултатот, односно бројот на освоени бодови, како и исходот од полагањето на испитот – положен/неположен, е достапен за кандидатот веднаш по завршувањето на полагањето на екранот од компјутерот.

(7) Од страна на Советот најдоцна до 10 дена по завршувањето на испитот, писмено се известува соодветната инспекциска служба за резултатите и исходот од испитот.

Член 5

(1) Испитните прашања од член 4 на овој правилник, се одбираат од база на најмалку 600 испитни прашања, која ја формира Советот.

(2) Базата на испитни прашања од став (1) на овој член, како и информациите и литературата потребна за подготовка на кандидатот за инспектор за полагање на испитот, се објавуваат на веб страницата на Советот.

(3) Базата на испитни прашања од став (1) на овој член се ажурира по потреба и при промена на релевантните законски прописи на кои се засновани испитните прашања.

Член 6

Времетраењето за полагање на општиот дел од испитот изнесува 90 минути.

Член 7

(1) Со практичниот дел од испитот се врши проверка на оспособеноста на кандидатот за инспектор, за самостојно вршење на работите поврзани со инспекцискиот надзор, за кои се обучувал за време на практичната работа и обуката на работното место.

(2) Практичниот испит се организира и спроведува од страна на инспекциската служба каде е вработен кандидатот за инспектор, преку Комисија за полагање на практичен испит, во која учествуваат менторот на кандидатот за инспектор, двајца инспектори од инспекциската служба, од кои еден раководен инспектор, и членот на Советот за соодветната област.

(3) Практичниот испит се полага најрано до 15 дена пред истекот, а најдоцна до истекот на практичната работа и обука на работното место.

(4) Менторот на кандидатот за инспектор, најдоцна до 45 дена пред истекот на практичната работа и обука на работното место, писмено го известува раководителот на инспекциската служба за потребата од организирање и спроведување на практичен испит.

(5) Врз основа на известувањето од став (5) на овој член, раководителот на инспекциската служба, ги определува времето и местото за полагање и за тоа најдоцна до 30 дена пред терминот за одржување на испитот, писмено го известува кандидатот за инспектор.

(6) Копија од писменото известување од став (6) на овој член, се доставува и до Комисијата за полагање на практичниот испит.

Член 8

(1) Практичниот испит се состои од самостојно спроведување на симулиран инспекциски надзор, со коефициент на сложеност соодветен на нивото на кандидатот за инспектор.

(2) Вкупниот збир на бодови за практичниот испит изнесува 90 и тоа:

- планирање и подготовка за инспекциски надзор – 15 бодови,
- спроведување на инспекциски надзор – 30 бодови,
- затворање на инспекциски надзор – 30 бодови.
- документирање на инспекциски надзор – 15 бодови.

(3) Испитот се смета за положен, доколку кандидатот за инспектор освои најмалку две третини од вкупниот збир на бодови, односно најмалку 60 бодови, при што е потребно да има освоено најмалку половина од бодовите за секојаалинеја од став (2) на овој член.

(4) Резултатот, односно бројот на освоени бодови, како и исходот од полагањето на испитот – положен/неположен, е достапен за кандидатот најдоцна три дена по завршувањето на испитот.

Член 9

(1) Времетраењето за полагање на практичниот дел од испитот изнесува вкупно шест часа, при што поединечното времетраење на секоја од фазите наброени во член 9, став (2) од овој Правилник, не може да изнесува повеќе од 90 минути.

Член 10

(1) За спроведениот практичен испит, од страна на Комисијата се составува записник кој ги содржи следните податоци: датум, време и место на одржување на испитот, состав на Комисијата, листа на кандидати за инспектор кои го полагале испитот со освоените бодови и вкупниот исход и печат на инспекциската служба.

(2) Записникот од став (1) на овој член, се објавува на интернет страницата на Советот.

Член 11

Со денот на отпочнувањето на примена на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на полагањето на испитот за инспектор, како и формата и содржината на барањето за полагање на испит и на лиценца за инспектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/16).

Член 12

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањеto на примената на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19).

| | |
|---|---|
| Бр.01-927 | Инспекциски совет |
| 7 ноември 2019 година | Претседател, |
| Скопје | м-р **Магдалена Филиповска-Грашкоска,** с.р. |